Целта на овој правилник е остварување на политиката на енергетска ефикасност за зградите преку мерки и активности за ефикасно користење на енергијата, вршење на услуги за енергетска ефикасност како и преку исполнување на обврските на јавниот сектор во поглед на енергетската ефикасност и заштедата на енергија, намалување на негативните влијанија врз животната средина при потрошувачката на енергија, подобрување на сигурноста во снабдувањето со енергија, сошто на Општината ќе и се овозможи имплементација на Стратегијата за енергетска ефикасност.

**Член 2**

Со овој правилник се пропишуваат условите, критериумите и начините за доделување на финансиски средства по јавниот повик како и составот на Комисијата која ќе ги разгледува подносените апликации. Проектот опфаќа поставување на термоизолациони фасади на станбените згради за колективно домување во насока на подобрување на животниот стандард на семејствата со ниски примања кои живеат во згради за колективно домување, како и за подобрување на енергетската ефикасност и заштита на енергијата.

### **II Категоризација на згради**

**Член 3**

Одредбите од овој правилник се применуваат за станбените згради за колективно домување на територијата на Општина Кавадарци во насока на подобрување на енергетската ефикасност и заштеда на енергија.

**Член 4**

Одредбите во овој правилник не се однесуваат на следните категории згради и делови од згради:

- Згради кои имаат помалку од 2 ката со приземје.
- Згради и споменици заштитени како специјални архитектонски или историски вредности, кај кои исполнување на барањата би било не прифатливо поради промена на карактерот или изгледот на објектот;
- Згради кои служат за религиозни цели;
- Времени објекти со планирано време на употреба од 2 години или пократко;
- Станбени објекти чија планирана употреба е пократка од 4 месеци во текот на годината;
- Згради за кои што не се издава одобрение за градба.
- Сопствениците на деловните објекти во колективните станбени згради неможе да бидат корисници на субвенциите за воведување на мерки за енергетска, но

ке можат од сопствени средства да го финансираат нивниот дел.
- Дел од зградата кој се смета за внатрешен заеднички простор на станарите(влез, ходници, подрум и кров)

**Член 5**

Советот на Општина Кавадарци со Решение формира комисија заимплементација на мерките за обезбедување подршка во подобрувањето на енергетската ефикасност во колективното домување во Општина Кавадарци.
Комисијата ке брои 7 членови:
- Двајца членови, советници од Советот на општина Кавадарци
- Еден член од Заедничкото одделение за енергетска ефикасност во Неготино
- Двајца членови од Секторот за комунално уредување урбанизам сообраќај и заштита на животната средина (еден градежен инжињер и еден архитект инжињер) во општина Кавадарци
- еден член од Секторот за локален економски развој во општина Кавадарци
- еден член од Секторот за општи, правни и општествени работи во општина Кавадарци

Комисијата ги има следните надлежности, го припрема повикот за аплицирање за користење на средства од Буџетот на Општина Кавадарци, ги разгледува и рангира, доставува предгог за финансирање на станбени единици во колективното домување.

**Член 6**

Јавниот повик за субвенционирање на мерки за енергетска ефикасност ќе ги содржи следните елементи:
-опис на објектите за колективно домување за кои што станарите можат да аплицираат
- висината на средствата кои што ке бидат одвоени и од Буџетот на Општина Кавадарци.
- потребната документација која треба да се поднесе заедно со Барањето за користење на субвенции за воведување на мерки за енергетска ефикасност во колективното домување.
-услови кои станарите кои што аплицираат требна да ги исполнат.
По јавниот повик сите апликанти кои што ке ги исполнат условите ке бидат прифатени со првенство за барателите кои што први ке ја комплетираат документацијата.
Јавниот повик ке трае до исцрпувањето на средствата предвидени од Буџетот на Општина Кавадарци за оваа намена за тековната година.

**Член 7**

Барањето за остварување на правото за реконструкција на станбената зграда се поднесува на пропишан образец. Во прилог на образецот се поднесува:
(1) Согласноста за учество во Проектот за енергетска ефикасност за секторот домување, треба да биде над 51% од вкупниот број на станари што живеат во таа зграда за да се започне со реновирање.
(2) Одлука од заедница на станарите или од станарите за реконструкција или воведување мерки на енергетска ефикасност.

**Член 6**

Со согласноста за учество во за енергетска ефикасност за секторот домување, се поднесува/обезбедува следната документација:

- Согласност за учество во проектот под условите наведени во јавниот повик од страна на сопственикот на станот
  - Имотен лист со кој се докажува сопственоста

**III.Барања и услови кои станбените згради треба да ги исполнуваат**

**Член 7**

(1) При реконструкција на постојаните згради дотрајаноста на зградата треба да бидат во согласност со минималните барања.

(2) Барањата за реконструкција на станбената зграда се однесуваат за зградата како целина, преку поставување на термоизолациони фасади на станбените згради

(3) Барањата за реконструкција на станбената зграда треба да содржат идентификувани топлински загуби(кое ке се констатира со мерења извршени од страна на заедничкото одделение за енергетска ефикасност).

(4) Кандидатите треба да ги исполнуваат следните општи услови:

- Подготвеност да учествуваат во Програмата
- Подготвеност за прифаќање на конкретните проектни критериуми на односно превземање на обврска за овозможување на проверката на условите на домување и на приходите на секое семејство поединечно.
- Општина Кавадарци ќе донесе одлука за утврдување на изгледот на фасадата пред поднесувањето на документацијата за издавање на одобрение за реконструкција.
- Обврската за обезбедување на градежна дозвола и проектна документација е на станарите.
- Станарите се должни да достават предмер и пресметка за утврдување на процентот на учество на Општина Кавадарци и утврдување на работните активности кои што се енергетска ефикасност.
- Градоначалникот на Општина Кавадарци назначува лице надзор над градежните активности кој што има обврска да изготви извештај и врз основа на извештајот се утврдува учеството на Општина Кавадарци.

**IV Финансиски средства**

**Член 8**

Проектот ќе биде поддржан со финансиски средства од буџетот на Општина Кавадарци, Програма ГА, во висина од 30% од вкупниот износ од вредноста на енергетски ефикасната фасада на стамбената зграда за колективно домување за секоја одобрена апликација, поднесена од заедница на станари или од мнозинството сопственици на посебните делови од станбената зграда апликант.

**Член 9**

Општина Кавадарци, по предлогот на Комисијата за имплементација на мерките за обезбедување подршка во подобрувањето на енергетската ефикасност во стамбени згради за колективното домување врз основа на Јавниот повик, по комплетирањето на сите потребни документи, склучува договор со Заедницата на станари или станарите од објектите за колективно домување чии барања се прифатени. Договорите ги изготвува Секторот за паравни, општествени и општи работи. Во договорите помеѓу Општина Кавадарци и заедниците на станари или станарите ќе се утврдува максималниот износ за поддршка од Општина Кавадарци врз основа на доставената предмер пресметка, кој би изнесувал 30% од вкупниот износ но не повеќе од18евра по метар квадратен за енергетски ефикасна фасада која ке обезбеди коефициент за пренос на топлина U (W/m2K) помал од 0,4.

**Член 10**

По утврдување на износот потребен за извршување на мерките за енергетска ефикаснот се носи Одлука на Совет.
Општина Кавадарци ке ги префрли парите на изведувачот со кој станарите склучиле договор, по извршување на технички прием и доставување на завршната ситуација за позициите наменети за енергетска ефикасност, прегледани и потпишан од страна на надзорот од Општина Кавадарци.

**Член 11**

Со влегувањето во сила на овој Правилник престанува да важи ,,Правилникот за одредување на критериумите и условите кои треба се исполнат за имплементирање на мерките за обезбедување поддршка во подобрувањето на енергетската ефикасност во колективното домување во Општина Кавадарци,, бр.07-5805/30 од 22.12.2014 год.

**Член 12**

Правилникот влегува во сила со денот на донесувањето а ке се објави во,, Службен Гласник на Општина Кавадарци,,.

**Бр.08-272/8**
**30.01.2018 година**
**Кавадарци**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**Претседател,**
**Ристо Сакалиев**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ” бр.05/02) и член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл.гласник на Општина Кавадарци” бр.08/2005), Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на**
**ОДЛУКА**
**за субвенционирање на воведување мерки за подобрување на енергетска ефикасност во станбени згради за колективно домување во Општина Кавадарци**

1. СЕ ОБЈАВУВА Одлуката за субвенционирање на воведување мерки за подобрување на енергетска ефикасност во станбени згради за колективно домување во Општина Кавадарци, донесена на седницата на Советот на Општина Кавадарци одржана на ден 30.01.2018 година.

2. Решението влегува со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кавадарци”.

**Бр.09-575/9**
**02.02.2018 година**
**К а в а д а р ц и**

**ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**м-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за Локална самоуправа (“Сл.Весник на РМ” бр.5/2002), член 132 став 1 од Статутот на општина Кавадарци (“Сл.Гласник на општина Кавадарци” бр.8/05), член 67-а од Законот за изменување и дополнување на Законот за градење (Сл.Весник на РМ бр.28/2014), член101 од Законот за домување ( Сл. Весник на Р.М бр. 38/12), Советот на општина Кавадарци на седницата одржана на ден 30.01.2018 година, донесе :

## ОДЛУКА
## за субвенционирање на воведување мерки за подобрување на енергетска ефикасност во станбени згради за колективно домување во Општина Кавадарци

**Член 1**

Мерките опфаќаат поставување на термоизолациони фасади на стамбените згради за колективно домување на територијата на општина Кавадарци во насока на подобрување на енергетската ефикасност и заштеда на енергија.

**Член 2**

Мерките ке бидат поддржани со финансиски средства од буџетот на општина Кавадарци,Програма ГА, во висина од 30% од вкупниот износ од поставување на енергетски ефикасна фасада во стамбена зграда за колективно домување за секое одобрено барање, поднесено од заедница на станари или од мнозинството сопственици на посебните делови од стамбената зграда апликант.

**Член 3**

Изборот на корисниците на субвенциите и начинот на доделување на финансиските средства ќе се врши согласно предходно објавен јавен повик за прибирање на барања за поддршка на мерки за енергетска ефикасност во стамбени згради за колективно домување во Општина Кавадарци.

**Член 4**

Трансферирањето на средствата ќе се врши согласно Правилникот за одредување на критериумите и условите кои треба се исполнат за имплементирање на мерките за обезбедување поддршка во подобрувањето на енергетската ефикасност во колективното домување во Општина Кавадарци

**Член 5**

Висината на годишните буџетски средства, предвидени за мерките за енергетска ефикасност во стамбени згради за колективно домување ќе се одредува врз основа на годишната Програма за развој на општина Кавадарции Буџетот на општина Кавадарци за тековната година.

**Член 6**

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето ,а ке се објави во,, Сужбен Гласник на Општина Кавадарци,,.

**Бр.08-272/9** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**30.01.2018 година** **Претседател,**
**Кавадарци** **Ристо Сакалиев**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ” бр.05/02) и член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл.гласник на Општина Кавадарци” бр.08/2005), Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на**
**Одлука за давање согласност на Годишен План за вработување во Општина Кавадарци за 2018 година**

1. СЕ ОБЈАВУВА Одлуката за давање согласност на Годишен План за вработување во Општина Кавадарци за 2018 година, донесена на седницата на Советот на Општина Кавадарци одржана на ден 30.01.2018 година.

2. Решението влегува со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кавадарци”.

**Бр.09-575/10** **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**02.02.2018 година** **ГРАДОНАЧАЛНИК**
**К а в а д а р ц и** **м-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 32 став 1 и став 2 од Законот за административни службеници („Службен весник на РМ„ бр.27/14,199/14,48/15,154/15,05/16,142/16 ,) член 20-б став 1 алинеа 3 од Законот за вработени во јавниот сектор („Службен весник на РМ„ бр.27/14,199/14,27/16) , член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (“Сл.весник на РМ” бр.05/2002), член 132 став од Статутот на Општина Кавадарци (“Службен гласник на Општина Кавадарци” бр.8/2005), Советот на Општина Кавадарци на седницата одржана на ден 30.01.2018 година, донесе

**О Д Л У К А**
за давање согласност на Годишен План за вработување во Општина Кавадарци за 2018 година

**Член 1**

Се дава согласност на Годишен План за вработување во Општина Кавадарци за 2018 година.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот (8) ден од денот на објавувањето во “Службен гласник на Општина Кавадарци”.

**Бр.08-272/10** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**30.01.2018 година** **Претседател,**
**Кавадарци** **Ристо Сакалиев**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ" бр.05/02) и член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл.гласник на Општина Кавадарци" бр.08/2005), Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на**
**Одлука за давање согласност за електронско водење на седниците на Совет на Општина Кавадарци**

1. СЕ ОБЈАВУВА Одлуката за давање согласност за електронско водење на седниците на Совет на Општина Кавадарци, донесена на седницата на Советот на Општина Кавадарци одржана на ден 30.01.2018 година.

2. Решението влегува со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кавадарци".

**Бр.09-575/11** **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**02.02.2018 година** **ГРАДОНАЧАЛНИК**
**К а в а д а р ц и** **м-р Митко Јанчев**

Врз основа член 36 став 1 точка 15 од Законот за Локална самоуправа("Сл.весник на РМ" бр.5/2002), член 132 став 1 од Статутот на Општина Кавадарци("Сл.гласник на Општина Кавадарци" бр.8/05), Советот на Општина Кавадарци на седницата одржана на ден 30.01.2018 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за давање на согласност за електронско водење на седниците на Совет на Општина Кавадарци**

**Член 1**

Советот на Општина Кавадарци дава согласност за електронско водење на седниците и комисиите на Совет на Општина Кавадарци и тоа:
-електронско доставување на Решение за свикување на Седница на Совет и комисии;
-електронско доставување на материјали по точките од дневниот ред како и амандмани и други материјали поврзани со седница на Совет.

**Член 2**

Се задолжува Секторот за финансии да спроведе набавка на компјутери-лап топ за сите 19 (деветнаесет) советници -членови на совет на Општина Кавадарци.

Средствата за набавка на службен компјутер-лап топ ке се обезбедат од Буџетот на Општина Кавадарци за 2018 година.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Кавадарци".

**Бр.08-272/11**
**30.01.2018 година**
**Кавадарци**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**Претседател,**
**Ристо Сакалиев**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ" бр.05/02) и член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл.гласник на Општина Кавадарци" бр.08/2005), Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на**
**Одлука за резервирани средства за експропријација во Буџетот на Општина Кавадарци за 2018 година**

1. СЕ ОБЈАВУВА Одлуката за резервирани средства за експропријација во Буџетот на Општина Кавадарци за 2018 година, донесена на седницата на Советот на Општина Кавадарци одржана на ден 30.01.2018 година.

2. Решението влегува со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кавадарци".

**Бр.09-575/12**
**02.02.2018 година**
**К а в а д а р ц и**

**ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**м-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 и член 22 точка 4 од Законот за Локална самоуправа ("Сл.весник на РМ"бр.5/2002), член 132 став 1 од Статутот на Општина Кавадарци ("Сл.гласник на општина Кавадарци"бр.8/05), а во врска со член 26 став 1 точка 6 од Законот за експропријација („Сл.весник на РМ"бр.95/12, 131/12, 24/13, 27/14, 104/15, 192/15, 23/16 и 178/16), Советот на Општина Кавадарци на седницата одржана на ден 30.01.2018 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за резервирани средства за експропријација во Буџетот на општина Кавадарци за 2018 година**

**Член 1**

Во Буџетот на општина Кавадарци за 2018 година се резервирани средства за експропријација во вкупен износ од 10.000.000,00 денари расходно конто 485.420 – надомест за одземен имот програма ЈД.

**Член 2**

Средствата од став 1 на овој член ќе се искористат во постапка за експропријација при реализација на јавен интерес од локално значење.

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето а ќе се објави во “Службен гласник на општина Кавадарци”.

**Бр.08-272/12**
**30.01.2018 година**
**Кавадарци**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**Претседател,**
**Ристо Сакалиев**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ” бр.05/02) и член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл.гласник на Општина Кавадарци” бр.08/2005), Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на**
**Заклучокот за усвојување на Извештајот за работата на Општински совет за превенција на град Кавадарци за 2017 година**

1. СЕ ОБЈАВУВА Заклучокот за усвојување на Извештајот за работата на Општински совет за превенција на град Кавадарци за 2017 година, донесена на седницата на Советот на Општина Кавадарци одржана на ден 30.01.2018 година.

2. Решението влегува со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кавадарци”.

**Бр.09-575/13**
**02.02.2018 година**
**К а в а д а р ц и**

**ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**м-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за Локална самоуправа(“Сл.весник на РМ”бр.5/02), и член 82 став 1 точка 31 од Статутот на Општина Кавадарци (“Сл.Гласник на Општина Кавадарци”

бр.8/05), расправајќи по Извештајот за работата на Општински совет за превенција на град Кавадарци за 2017 година , Советот на Општина Кавадарци на седницата одржана на ден 30.01.2018 година, го донесе следниот

**З А К Л У Ч О К**

1. СЕ УСВОЈУВА Извештајот за работата на Општински совет за превенција на град Кавадарци за 2017 година.

2. Заклучокот влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во "Сл.Гласник на Општина Кавадарци".

**Бр.08-272/13** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**30.01.2018 година** **Претседател,**
**Кавадарци** **Ристо Сакалиев**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ" бр.05/02) и член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл.гласник на Општина Кавадарци" бр.08/2005), Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на**
**Заклучокот за усвојување на Програмата за работата на Општинскиот совет за превенција на територијата на Општина Кавадарци за 2018 година**

1. СЕ ОБЈАВУВА Заклучокот за усвојување на Програмата за работата на Општинскиот совет за превенција на територијата на Општина Кавадарци за 2018 година, донесена на седницата на Советот на Општина Кавадарци одржана на ден 30.01.2018 година.

2. Решението влегува со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кавадарци".

**Бр.09-575/14** **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**02.02.2018 година** **ГРАДОНАЧАЛНИК**
**К а в а д а р ц и** **м-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за Локална самоуправа("Сл.весник на РМ"бр.5/02), и член 82 став 1 точка 31 од Статутот на Општина Кавадарци ("Сл.Гласник на Општина Кавадарци" бр.8/05), расправајќи по Програмата за работата на Општински совет за малолетничко престапништво на територијата на Општина Кавадарци за 2018, Советот на Општина Кавадарци на седницата одржана на ден 30.01.2018 година , го донесе следниот

**З А К Л У Ч О К**

1. СЕ УСВОЈУВА Програмата за работата на Општински совет за малолетничко престапништво на територијата на Општина Кавадарци за 2018 година.

2. Заклучокот влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во "Сл.Гласник на Општина Кавадарци".

**Бр.08-272/14** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**30.01.2018 година** **Претседател,**
**Кавадарци** **Ристо Сакалиев**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ" бр.05/02) и член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл.гласник на Општина Кавадарци" бр.08/2005), Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлука за давање согласност на Договори за примање донација движни ствари за остварување на јавен интерес-реализирање на проект„Мој Општинар„**

1. СЕ ОБЈАВУВА Одлуката за давање согласност на Договори за примање донација движни ствари за остварување на јавен интерес-реализирање на проект„Мој Општинар, донесена на седницата на Советот на Општина Кавадарци одржана на ден 30.01.2018 година.

2. Решението влегува со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кавадарци".

**Бр.09-575/15** **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**02.02.2018 година** **ГРАДОНАЧАЛНИК**
**К а в а д а р ц и** **м-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 до Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на РМ" бр.05/2002) а во врска со член 4 став 1 од Законот за донации и спонзорства во јавните дејности ("Сл.весник на РМ" бр.47/06, 86/08, 51/2011, 28/14, 153/2015), член 132 став 1 од Статутот на Општина Кавадарци ("Службен гласник на Општина Кавадарци" бр.8/2005), Советот на Општина Кавадарци на седницата одржана на ден 30.01.2018 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за давање согласност на Договори за примање донација движни ствари за остварување на јавен интерес –реализирање на проект-„Мој Општинар„**

**Член1**

Со оваа Одлука Општина Кавадарци се дава согласност на Договори за примање донација- движни ствари заради остварување на јавен интерес –реализирање на проект- „Мој Општинар„ со намена на донацијата за зајакнување на капацитетите на општинската администрација-техничка опрема на вработените во општинската администрација и тоа :

1. Договор за донација бр.09-5161/1 од 22.12.2017година и Анекс на договор – бр. 09-5161/3 од 22.01.2018 година од страна на давателот на донацијата Друштво за трговија,транспорт и угостителство ЦРНА РЕКА ПЕТРОЛ ДООЕЛ Кавадарци, предмет на донација :
   -Таблет Леново таб 3 – 6 броја, во вкупна вредност од 62.280,оо денари;

2. Договор за донација бр.09-5102/1 од 20.12.2017 година и Анекс на Договор бр.09-5102/3 од 22.01.2018година од страна на давателот на донацијата Друштво за производство, трговија и услуги ЈА-МИ експорт-импорт ДООЕЛ Кавадарци , предмет на донација:
   - Компјутери – Лап топ Lenovo Win 10 pro – 2 броја, во вкупна вредност од 50.000,оо денари;

3. Договор за донација бр. 09-5166/1 од 22.12.2017 година и Анекс на Договор бр.09-5166/3 од 22.01.2018 година од страна на давателот на донацијата ЕКСТРА 03 ДООЕЛ експорт-импорт Кавадарци, предмет на донацијата :
-Униформи, во вкупна вредност од 59.000,оо денари;

4. Договор за донација бр. 09-5164/1 од 22.12.2017 година и Анекс на Договор бр.09-5164/3 од 22.01.2018 година од страна на давателот на Друштво за градежништво и трговија ГРАДБА ПРОМЕТ ДОО Кавадарци , предмет на донацијата :
   - Компјутери – Лап топ Lenovo Win 10 pro – 1 број и таблет Леново – 3 броја, во вкупна вредност од 50.000,оо денари.

5. Договор за донација бр.09-5163/1 од 22.12.2017 година и Анекс на Договор бр.09-5163/3 од 22.01.2018 година, од страна на давателот на Друштво за производство, трговија и услуги МЕТАЛ - АПОСТОЛОВ ДООЕЛ увоз-извоз Кавадарци, предмет на донацијата:
   - Униформи, во вкупна вредност од 59.000,оо денари;

6. Договор за донација бр.09-5165/1 од 22.12.2017 година и Анејкс на Договор бр.09-5165/3 од 22.01.2018 година од

страна на давателот на Друштво за трговија, градежништво и услуги ПАВЕР ТРЕЈД ДООЕЛ Кавадарци, предмет на донацијата:

- Компјутери – Лап топ Lenovo Win 10 pro – 2 броја, во вкупна вредност од 50.000,оо денари;

7. Договор за донација бр.09-5162/1 од 22.12.2017 година и Анекс на Договор бр.09-5162/3 од 22.01.2018година од страна на давателот на Друштво за услуги, трговија и производство ВЕЛКОМ ТРЕЈД ДООЕЛ Скопје, предмет на донација :
   - Униформи, во вкупна вредност од 47.200,оо денари;

8. Договор за донација бр.09-09-5103/1 од 20.12.2017 година и Анекс на Договор бр.5103/3 од 22.01.2018 година, од страна на давателот на Друштво за производство, трговија и услуги КОЖУВЧАНКА ДОО предмет на донацијата:
   -Компјутери – Лап топ Lenovo Win 10 pro – 4броја, во вкупна вредност од 100.000,оо денари.

**Член 2**

Се задолжува Секторот за финансии да ги заведе движните ствари во книговодствената евиденција.

**Член 3**

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ке се објави во „Службен Гласник на Општина Кавадарци„.

**Бр.08-272/15**
**30.01.2018 година**
**Кавадарци**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**Претседател,**
**Ристо Сакалиев**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ” бр.05/02) и член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл.гласник на Општина Кавадарци” бр.08/2005), Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на**
**Одлука за примање на донација –движни ствари за остварување на јавен интерес**

1. СЕ ОБЈАВУВА Одлуката за примање на донација –движни ствари за остварување на јавен интерес, донесена на седницата на Советот на Општина Кавадарци одржана на ден 30.01.2018 година.

2. Решението влегува со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кавадарци".

**Бр.09-575/16**
**02.02.2018 година**
**К а в а д а р ц и**

**ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**м-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 до Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на РМ" бр.05/2002) а во врска со член 4 став 1 од Законот за донации и спонзорства во јавните дејности ("Сл.весник на РМ" бр.47/06, 86/08, 51/2011, 28/14, 153/2015), член 132 став 1 од Статутот на Општина Кавадарци ("Службен гласник на Општина Кавадарци" бр.8/2005), Советот на Општина Кавадарци на седницата одржана на ден 30.01.2018 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за давање согласност на Договор за примање донација движни ствари за остварување на јавен интерес**

**Член1**

Со оваа Одлука Општина Кавадарци се дава согласност на Договор за примање донација- движни ствари заради остварување на јавен интерес – со намена на донацијата за зајакнување на капацитетите на општинската администрација-техничка опрема на вработените во општинската администрација, и тоа :

- еден (1) ТВ приемник LG UHD TB 4K,49UJ,620V,123 см/49,

од страна на давателот на **Друштво за производство трговија и услуги БАС ТУТИ ФРУТИ**, согласно Договор за донација бр.03-5223/1 од 26.12.2017 година и Анекс на Договор бр. бр.03-5223/3 од 22.01.2108 година.

**Член 2**

Се задолжува Секторот за финансии да ги заведе движните ствари во книговодствената евиденција.

**Член 3**

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ке се објави во „Службен Гласник на Општина Кавадарци„.

**Бр.08-272/16** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**30.01.2018 година** **Претседател,**
**Кавадарци** **Ристо Сакалиев**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ" бр.05/02) и член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл.гласник на Општина Кавадарци" бр.08/2005), Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на**
**Одлука за примање и давање на трајно користење на движни ствари на Библиотека „Феткин„ Кавадарци(бр.44-7693/1 од 26.12.2017 година)**

1. СЕ ОБЈАВУВА Одлука за примање и давање на трајно користење на движни ствари на Библиотека „Феткин„ Кавадарци(бр.44-7693/1 од 26.12.2017), донесена на седницата на Советот на Општина Кавадарци одржана на ден 30.01.2018 година.

2. Решението влегува со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кавадарци".

**Бр.09-575/17** **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**02.02.2018 година** **ГРАДОНАЧАЛНИК**
**К а в а д а р ц и** **м-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на РМ" бр.05/02) а во врска со член 44 став 2 од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост(Сл.весник на РМ бр.78/15, 106/15, 153/15, и 190/16 ) и член 132став 1 од Статутот на Општина Кавадарци (Сл.Гласник бр.08/05"), Советот на Општина Кавадарци на седница одржна на ден 30.01. 2018 година, донесе :

О Д Л У К А

**За примање и давање на трајно користење на движни ствари на Библиотека „Феткин" Кавадарци**

**Член 1**

Со оваа Одлука Општина Кавадарци – Локална Самоуправа прима на трајно користење без надомест движни ствари од Министерството за образование и наука , согласно Одлука на Влада на Република Македонија за престанок и давање на трајно користење на движни ствари на Општина Кавадарци а за потребите на ЈОУ –Библиотека Феткин Кавадарци бр.44-7660/1 од 19.12.2017 година и тоа :

| ред.бро | Наслов на книгата | Автор | ИСБН | Издавач | Бр.на | Единечн |
|---|---|---|---|---|---|---|

| ј | | | | | примероци | а цена |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Градбени блокови во учење | Јил Јелкинсон | 978-608236097-3<br>978-608236098-0 | Арбериа десигн | 6(на македонски јазик)<br>2 (на албански јазик | 3.822,00 |
| 2. | Децата , семејството и општеството | Јанет Гонзалес Мена | 978-608236151-2<br>978-608236150-5 | Арбериа десигн | 6(на македонски јазик)<br>2 (на албански јазик | 2.807,00 |
| 3. | Наставата и комуникацијата | Робин Евинг | 978-608236083-6<br>978-608236084-3 | Арбериа десигн | 6(на македонски јазик)<br>2 (на албански јазик | 2.436,00 |
| 4. | Ефективна настава : истражување и практика | Даниел Мујис | 978-608247775-6<br>978-608247672-8 | Арбериа десигн | 6(на македонски јазик)<br>2 (на албански јазик | 2.363,00 |
| 5. | Училишна дидактика и учење | Михаел Уљенс | 978-608236097-3<br>978-608236098-0 | Арбериа десигн | 6(на македонски јазик)<br>2 (на албански јазик | 2.153,00 |
| 6. | Образовна психологија : пристап заснован на проблем | Елизабет А.Јордан | 978-608236092-8<br>978-608236091-1 | Арбериа десигн | 6(на македонски јазик)<br>2 (на албански јазик | 3.885,00 |
| 7. | Учење математика во раното детство | Кристофер Т.Крос | 978-608247646-9<br>978-608247648-3 | Арслами на | 6(на македонски јазик)<br>2 (на албански јазик | 2.783,00 |
| 8. | Ослободување на имагинацијата: есеи за образованието, уметностите и за социјалната промена | Максин Грин | 978-608236162-8<br>978-608236163-5 | Арбериа десигн | 6(на македонски јазик)<br>2 (на албански јазик | 1.428,00 |
| 9. | Уметностите и создавањето на мислата | Еиснер В.Елиот | 978-608236085-0<br>978-608236086-7 | Арбериа десигн | 6(на македонски јазик)<br>2 (на албански јазик | 1.908,00 |
| 10. | Развивање на педагогијата за образование на наставниците | Џон Лоугран | 978-608247640-7<br>978-608247642-1 | Арбериа десигн | 6(на македонски јазик)<br>2 (на албански јазик | 1.785,00 |
| 11. | Моќта на педагогијата | Џени Лич | 978-608247641-4<br>978-608247649-0 | Арбериа десигн | 6(на македонски јазик)<br>2 (на албански јазик | 1.470,00 |
| 12. | Размислување на децата | Роберт С.Сиглер | 978-608236099-7<br>978-608236147-5 | Арбериа десигн | 6(на македонски | 3.360,00 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | јазик)<br>2 (на албански јазик | |
| 13. | Стратегии за раководење во училница : воспоставување и одржување на соработка со учениците | Џејмс С.Калкелоси | 978-608236155-0<br>978-608236154-3 | Арбериа десигн | 6(на македонски јазик)<br>2 (на албански јазик | 3.570,00 |
| 14. | Почетно подучување, почетно учење | Џенет Мојлес | 978-608236089-8<br>978-608236090-4 | Арбериа десигн | 6(на македонски јазик)<br>2 (на албански јазик | 2.100,00 |
| 15. | Техники за управување во училница | Џим Скривенер | 978-608247644-5 | Арбериа десигн | 2 (на албански јазик | 2.993,00 |
| 16. | Настава по англиски јазик и книжевност во основното образование | Марсиа С.Поп | 978-608236157-4<br>978-608236156-7 | Арбериа десигн | 6(на македонски јазик)<br>2 (на албански јазик | 2.625,00 |
| 17. | Основи на наставата во основното образование | Денис Хајес | 978-608236153-6<br>978-608236152-9 | Арбериа десигн | 6(на македонски јазик)<br>2 (на албански јазик | 2.648.00 |
| 18. | Наука за растенијата – раст , развој и примена на култивираните | Маргарет Е.Мек Махон | 978-608236162-8<br>978-608236163-5 | Арбериа десигн | 6(на македонски јазик)<br>2 (на албански јазик | 4.715,00 |
| 19. | Физиологија и развој на растенијата | Линколн Таиз | 978-608236174-1<br>978-608236175-8 | Арбериа десигн | 6(на македонски јазик)<br>2 (на албански јазик | 4.321,00 |
| 20. | Прирачник за исхрана на растенијата и за плодност | Ј.Бентон Џонс | 978-608236145-1<br>978-608236156-8 | Арбериа десигн | 6(на македонски јазик)<br>2 (на албански јазик | 1.722,00 |
| 21. | Прирачник на Шаум Микробиологина | Ј.Едвард Алкамо | 978-608247651-3<br>978-608247645-2 | Арслами на | 6(на македонски јазик)<br>2 (на албански јазик | 2.778,00 |
| 22. | Вирусни болести на растенијата што се пренесуваат преку семе | К.Субраманиа Састри | 978-608247654-4<br>978-608247650-6 | Арбериа десигн | 6(на македонски јазик)<br>2 (на албански јазик | 5.198,00 |
| 23. | Биотехнологија на животната средина : концепти и апликации | Ханс Јоаким Јорденинг | 978-608236089-3<br>978-608236088-1 | Арбериа десигн | 6(на македонски јазик)<br>2 (на албански | 3.376,00 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | јазик | |
| 24. | Применета биокатализа | Андре Ј.Ј.Стратоф | 978-608236096-6<br>978-608236095-9 | Арбериа десигн | 6(на македонски јазик)<br>2 (на албански јазик | 2.179,00 |
| 25. | Технолошки аспект на млекото и на млечните производи | Јане Селиа | 978-608236143-7<br>978-608236144-4 | Арбериа десигн | 6(на македонски јазик)<br>2 (на албански јазик | 1.995,00 |
| 26. | Биомеханика на спортот и вежбањето | Паул Гримшау | 978-608236172-7<br>978-608236173-4 | Арбериа десигн | 6(на македонски јазик)<br>2 (на албански јазик | 5.548,00 |
| 27. | Учебник за тотални протези | Артур О.Ран | 978-608236094-0<br>978-608236093-5 | Арбериа десигн | 6(на македонски јазик)<br>2 (на албански јазик | 3.161,00 |
| 28. | Учебник по протетика | В.Рангарајан | 978-608247734-3<br>978-608247735-0 | Арслами на | 6(на македонски јазик)<br>2 (на албански јазик | 4.704.00 |
| 29. | Основи на физичката фармација | Бока Хаџија | 978-608247652-0<br>978-608247635-7 | Арслами на | 6(на македонски јазик)<br>2 (на албански јазик | 3.275,00 |
| 30. | Клинички преглед на оралната и максилофацијалнат а хирургија | Шакрок Ц.Багери | 978-608247769-5<br>978-608247736-7 | Арслами на | 6(на македонски јазик)<br>2 (на албански јазик | 4.725,00 |
| 31. | Компликации на забен имплант : пременција и третман | Стуард Фроум | 978-608236149-9<br>978-608236148-2 | Арбериа десигн | 6(на македонски јазик)<br>2 (на албански јазик | 5.177,00 |
| 32. | Принципи на генетиката | Д.Петер Снустанд | 978-608236176-5<br>978-608236177-2 | Арбериа десигн | 6(на македонски јазик)<br>2 (на албански јазик | 4.328,00 |
| 33. | Современа орална и максилофацијална хирургија | Џејмс Р.Хуп | 978-608236166-6<br>978-608236167-3 | Арбериа десигн | 6(на македонски јазик)<br>2 (на албански јазик | 8.190,00 |

**Член 2**

Движните ствари од член 1 на оваа Одлука Општина Кавадарци ги дава на трајно користење без надомест на Јавната Општинска Установа Библиотека "Феткин " Кавадарци.

**Член 3**

Со оваа Одлука се овластува Градоначалникот да склучи Договор со Јавната Општинска Установа Библиотека „Феткин " Кавадарци " за примопредавање на движните ствари.

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето , а ке се објави во "Службен гласник на Општина Кавадарци "

**Бр.08-272/17** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**30.01.2018 година** **Претседател,**
**Кавадарци** **Ристо Сакалиев**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ" бр.05/02) и член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл.гласник на Општина Кавадарци" бр.08/2005), Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на**
**Одлука за примање и давање на трајно користење на движни ствари на Библиотека „Феткин„ Кавадарци(бр.44-7660/1 од19.12.2017 година)**

1. СЕ ОБЈАВУВА Одлука за примање и давање на трајно користење на движни ствари на Библиотека „Феткин„ Кавадарци(бр.44-7660/1 од19.12.2017 година), донесена на седницата на Советот на Општина Кавадарци одржана на ден 30.01.2018 година.

2. Решението влегува со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кавадарци".

**Бр.09-575/18** **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**02.02.2018 година** **ГРАДОНАЧАЛНИК**
**К а в а д а р ц и** **м-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на РМ" бр.05/02) а во врска со член 44 став 2 од

Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост(Сл.весник на РМ бр.78/15, 106/15, 153/15, и 190/16 ) и член 132 став 1 од Статутот на Општина Кавадарци (Сл.Гласник бр.08/05“)Советот на Општина Кавадарци на седница одржана на ден 30.01. 2018 година, донесе :

## О Д Л У К А

### За примање и давање на трајно користење на движни ствари на Библиотека „Феткин“ Кавадарци

### Член 1

Со оваа Одлука Општина Кавадарци – Локална Самоуправа прима на трајно користење без надомест движни ствари од Министерството за образование и наука , согласно Одлука на Влада на Република Македонија за престанок и давање на трајно користење на движни ствари на Општина Кавадарци а за потребите на ЈОУ –Библиотека Феткин Кавадарци бр.44-7693/1 од 26.12.2017 година и тоа :

| ред. бр | Наслов на книгата | Автор | ИСБН | Издавач | Бр.на примероци | Единечна цена |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Физикална медицина и рехабилитација | Рендал Л.Брајдон | 978-608210197-2<br>978-608210610-5 | Таберн акул | 14(на македонски јазик)<br>6 (на албански јазик | 8.602,00 |
| 2. | Принципи и практики на радиолошка онкологија | Перез и Брејди | 978-608210525-4<br>978-608210349-5 | Таберн акул | 14(на македонски јазик)<br>6 (на албански јазик | 10.075,00 |
| 3. | Онколошки шринципи и практики том 1 | Де Вита, Хелман и Розенберг | 978-608210200-9<br>978-608210142-7 | Таберн акул | 14(на македонски јазик)<br>6 (на албански јазик | 18.940,00 |
| 4. | Онколошки шринципи и практики том 1 | Де Вита, Хелман и Розенберг | 978-608210200-3<br>978-608210155-4 | Таберн акул | 14(на македонски јазик)<br>6 (на албански јазик | 18.940,00 |
| 5. | Ултрасонографија во акушерството и геникологијата | Питер В.Кален | 978-608210213-9<br>978-608210135-8 | Таберн акул | 14(на македонски јазик)<br>6 (на албански јазик | 3.299,00 |
| 6. | Оксфордски уцебник по медиција том 1 | Дејвид А.Ворел | 978-608210210-8<br>978-608210112-6 | Таберн акул | 14(на македонски јазик)<br>6 (на албански јазик | 17.154.00 |
| 7. | Физикална медиција ирехабилитација Принципи и практика ТОМ 1 | Џоел А.Делица Брус М.Ганс | 978-608210208-8 | Таберн акул | 14(на македонски јазик) | 7.606,00 |
| 8. | Физикална медиција ирехабилитација Принципи и практика ТОМ 2 | Џоел А.Делица Брус М.Ганс | 978-608210209-6 | Таберн акул | 14(на македонски јазик) | 7.606,00 |
| 9. | Интензивна нега | Ричард С.Ирвин Џејмс М.Рип | 978-608210180-4 | Таберн акул | 14(на македонски јазик) | 5.909,00 |
| 10. | Сеопфатен учебник по медицина Том1 | Бенџамин Џ.Садок Вирџинија | 978-608210215-3 | Таберн акул | 14(на македонски јазик) | 35.551.00 |
| 11. | Сеопфатен учебник по медицина Том1 | Бенџамин Џ.Садок Вирџинија | 978-608210216-0 | Таберн акул | 14(на македонски јазик) | 35.551.00 |
| 12. | Учебник по | Вилијамс, Хенри | 978-608210223-8 | Таберн | 14(на македонски | 10.600.00 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | Ендокринолигија | М.Кроненберг, Ш.Мелмед, Кенет С.Полонски П.Рид Ларенс | 978-608210346-5 | акул | јазик) 6 (на албански јазик | |
| 13. | Инфективни болести Том 1 | Џонатан Коен, Вилијамс Џ.Паудерли | 978-608210225-2 978-608210121-9 | Таберн акул | 14(на македонски јазик) 6 (на албански јазик | 13.237,00 |
| 14. | Инфективни болести Том 2 | Џонатан Коен, Вилијамс Џ.Паудерли | 978-608210236-8 978-608210236-9 | Таберн акул | 14(на македонски јазик) 6 (на албански јазик | 13.237,00 |
| 15. | Сесил Медицина | Д-р Денис Осилео | 978-608210231-3 978-608210120-3 | Таберн акул | 14(на македонски јазик) 6 (на албански јазик | 18.814,00 |
| 16. | Оксфордски учебник по клиничка нефролигија Том 1 | Алекс М.Дејвисон | 978-608210236-8 978-608210239-8 | Таберн акул | 14(на македонски јазик) 6 (на албански јазик | 13.281.00 |
| 17. | Оксфордски учебник по клиничка нефролигија Том 2 | Алекс М.Дејвисон | 978-608210236-8 978-608210240-1 | Таберн акул | 14(на македонски јазик) 6 (на албански јазик | 13.281.00 |
| 18. | Оксфордски учебник по клиничка нефролигија Том 3 | Алекс М.Дејвисон | 978-608210236-8 978-608210241-2 | Таберн акул | 14(на македонски јазик) 6 (на албански јазик | 13.281.00 |
